РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 08-66/1
05-01-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 45-тата седница одржана на ден 29.12.2020 година донесе

***Одлука***

Постапката за проверка на податоците од анкетниот лист на ________, Градоначалник на општина ____________ СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно надлежно постапување на ДКСК во предметот со број 08-1968/1 од 26.03.2019 година.

Предметот со број 08-1968/1 од 26.03.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Предметот број 08-1968/1 од 26.03.2019 година е оформен по доставена анонимна пријава во која се укажува дека градоначалникот на општина ____________________, не пријавил до ДКСК дека неговата сопруга се стекнала со патничко моторно возило Голф 5.

ДКСК, со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, побара податоци од Министерството за внатрешни работи - Оддел за граѓански работи.

Од добиените податоци од Министерството за внатрешни работи произлегува дека лицето ____________, сопруга на _____________, со договор за купопродажба се стекнало со ПМВ марка Голф 5.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имајќи ја предвид вредноста на наведеното возило, која не надминува вредност од 20 просечни нето плати, произлегува дека лицето ____________ не било обврзано да поднесе образец за пријавување промени на имотната состојба согласно член 85 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изработил: Адем Чучуљ, советник
Одобрил: Горан Трпеноски, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**